

***Панде Манојлов: БЕВМЕ САМО ДЕЦА***

Бевме само деца
што растат
во сиромаштија
и многу среќа...
Храната
на сите ни беше
речиси иста:
суво и црно лепче
намачкано со маст,
нане и сол-пипер на маста,
или -
сиренце и лепче ...
Дома, за ручек,
празно гравче,
по некој компир
во огниште печен,
варени коприви,
зелник
со киселец и штавеј!
За Велигден,
сиромашните родители
ќе ни купеа
ефтини патичиња,
сандалчиња
или налончиња,
шарени фустанчиња,
а за сè друго
што сме барале
и во сонот сонувале,
ќе ни речеа
со скриен поглед:
спуштени беа
ќепенците на дуќаните...
Играчки ни беа
врбовите гранки
за правење

свирчиња и труби,
камчињата
за играње петкамен,
ашиците
за играње џорта...
На училиште,
од првиот
македонски буквар
ги учевме
сите букви
и од онаа,
последната Ш
учевме
како Шана
шие на машина,
како денот
да се закрпи!
Го учевме животот
како да е
гердан од години
што катаден се нижи,
гердан,
што на вратот
треба да се носи!
А бевме само деца,
среќни деца...